# Хроника од 17-та седница

**Скопје, 08.05.2015г.** – Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги го усвои предлогот на директорот да донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување и Листа на информации од јавен карактер.

Агенцијата ја усвои Информацијата за доставените договори за ангажирање лица и изјави за исплатени средства врз основа на склучените договори од Друштвото за радио дифузија „ДИ-ЏЕЈ Славе“ ДООЕЛ Струга.